# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Агенција за управување со одземен имот

ул.Киро Глигоров бр.4 – 1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONË E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-3741/1
26.08. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

НАЦРТ СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

( 2026 – 2030 )

СКОПЈЕ, Август 2025

## Вовед

Еден од главните мотиви за сериозниот и организиран криминал е финансиската добивка. Организираните криминални групи го инвестираат нелегално стекнатиот профит во понатамошни илегални активности или спроведуваат перење на пари за негово легализирање и инфилтрација со цел да се стекнат со економско влијание во општеството. Конфискацијата на приходи стекнати од криминал се повеќе е признаено како ефикасен начин за борба против организираниот криминал.

Замрзнувањето и запленувањето на приходите стекнати од криминал е ефикасен пристап во борбата против тешкиот и организиран криминал при што главниот мотив е да се стекне некаква корист.

Република Северна Македонија помеѓу првите Балкански земји ги имплементираше мерките за конфискација на приходи стекнати од криминал и ја воспостави законската основа за конфискација на приходи при што главниот предизвик е нејзината практична имплементација.

Агенцијата за управување со одземен имот основана со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во делот на конфискацијата презема широк спектар на мерки со кои треба да ја задржи вредноста на имотот преку забрана за негово отуѓување, преку негово поставување во соодветен магацински простор, продавање или раководење со замрзнатиот имот. Мерката зависи од природата на имотот (пари, акции, добра, возила, подвижен имот, компанија, недвижности, итн.)

Од погоре наведеното може да се заклучи дека со донесувањето на законот како и со основањето на Агенцијата во нашата држава се обезбедува конзистентна правна рамка, која го регулира начинот на управување и постапување со конфискуваниот имот и одземените предмети, домаќинско и соодветно управување на надлежните органи, засновано врз начелата на законитост, економичност и ефикасност.

**Надлежности на Агенција за управување со одземен имот согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети:**

-управува со конфискуваниот имот, имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети.

-со согласност на судот управува со привремено одземениот имот и имотна корист и привремено одземените предмети во кривична постапка, освен одземената дрвна маса согласно со закон со цел да се заштити бредноста на имотот согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети.

-управува со привремено одземениот имот и имотна корист и одземените предмети во прекршочна постапка, освен одземената дрвна маса согласно со закон со цел да се заштити бредноста на имотот согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети.

-управува со трајно одземени предмети во прекршочна и управна постапка согласно со закон, освен предметите одземени во даночна постапка

-ја спроведува постапката за постапката на конфискацијата на имот и имотната корист како принос од казнено дело

-управува со привремено одземениот имот и имотна корист и привремено одземените предмети или со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети кои произлегуваат од кривични дела, или имот чие располагање е ограничено со одлука на ООН и други меѓународни организации на кои е членка Република Северна Македонија

-соработува со домашни и странски канцеларии за поврат на имот, како и странски и други меѓународни организации согласно со закон

-води регистар за привремено одземен имот и привремено одземените предмети и трајно одземените предмети и конфискуван имот

-го чува и го складира одземениот имот

-врши процена на одземениот имот

-го дава во закуп конфискуваниот имот

-води евиденција на целокупниот одземен имот

-го продава одзеизготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот

-планира, организира и спроведува обука за вработените во Агенцијата и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот

-дава мислење во врска со примената на овој закон и

-врши други работи утврдени со закон

Овој план и програма за работа на Агенција за управување со одземен имот кој го имам изготвено како стратешки документ за работење на агенцијата за период од наредни пет години доколку бидам избрана за директор на Агенцијата за управување со одземен имот ги дефинира насоките на работата на агенцијата, ја утврдува визијата, мисијата,стратешки цели и приоритети на самата агенција.Во него се прикажани конкретни цели, приоритети и активности што треба да се реализираат во периодот 2025-2030 година, како и начинот на кој ке се измери успехот на тие активности.Планот и програмата за работа служат за обезбедување на ефикасност во работењето на агенцијата за исполнување на нејзините задачи и остварување на крајните цели согласно законот.Наведените активности кои треба да се превземат ке создадат предуслови за ефективно управување со одземениот имот, зголемена транспарентност и одговорност, како и подобра социјална пренамена на конфискуваниот имот што ке има позитивен ефект врз општеството во целина. Со спроведување на овој план и програма за работа ке се допринесе да се подржи економскиот раст на земјата преку оптимизирање на приходи од конфискуван имот.

**Визија** Агенцијата ќе се трансформира во современа, професионална, технолошки опремена и транспарентна институција, која управува со конфискуван и привремено одземен имот во согласност со европските стандарди, придонесувајќи за правдата, владеењето на правото и јавниот интерес.

**Мисија** Ефикасно, отчетно и одржливо управување со сите категории на одземен имот – од прием до негова конечна распределба или продажба, преку стандардизирани процедури, дигитализација, едукација и меѓуинституционална координација.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

### 1. Инфраструктурен развој и управување со имотот

- Изградба на модерен Центар за складирање на 30.000 м² со специјализирани магацини (технологија, луксузни предмети, храна, опасни материи), катна гаража, еко-решенија и безбедносен систем.

### 2. Развој на логистички и оперативни капацитети

- Воспоставување на целосно електронско магацинско работење, следење со баркод и QR, автоматизирана инвентаризација, сектор за логистика и поврзување со евиденцијата на имот:

-Целосно електронско магацинско работење

-Баркод и QR следење на стоката од прием до испорака/продажба

-Интеграција со централната евиденција на имот

-Автоматизирани процеси за инвентаризација

-Воспоставување на сектор за логистика кој ќе управува со влез/излез на имотот во реално време

Специјализирани магацини по категории:

- Електроника и технологија
- Луксузна стока и вредни предмети
- Земјоделски производи и храна (со соодветни температурни услови)
- Опасни или чувствителни материјали

### 3. Дигитална трансформација

- Интегриран систем за евиденција и управување со имотот- електронски регистар, веб апликација за јавна продажба, интероперабилност со институции, база на податоци, API/web services и автоматизација на објави.

4. **Усогласување со ЕУ стандарди**
    - Хармонизација со ЕУ директиви, учество во европски иницијативи, воспоставување на национален стандард за складирање и системска размена на податоци со европски институции.

5. **Развој на човечки ресурси и институционална култура**
    - Обуки, сертификации, функционална анализа на систематизацијата, обнова на правилници, донесување на протоколи, обуки за планирање пред одземање.

- (Програма за обука на вработените во користење на новите дигитални алатки) ,

-Сертификација за управување со магацинско работење и логистика

-Размена на искуства со сродни агенции во Европа)

6. **Меѓународна соработка и прекугранично управување со имот**
    - BAMIN, склучување на договори за управување со имот од странство, прекугранични постапки и конференции.

7. **Социјална пренамена на имотот и јавна корист**
    - Подзаконски акт за социјална пренамена, едукација и работилници со граѓанскиот сектор, транспарентност преку веб платформа.

8. **Финансиска и техничка одржливост**
    - Воспоставување на фондови од 7% приход од продажба, подобрување на просториите и набавка на техничка опрема за складирање и ИКТ системи.

## 9.Зајакнување на капацитети на Агенцијата со човечки ресурси

Во рамки на реформската агенда и Планот за раст предвидена е активност за целосно екипирање на агенцијата, за што е потребно зајакнување на човечки ресурсии со различни профили на вработени

**Структура на Агенцијата за управување со одземен имот**

Согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата (со предвиден 79 работни места од кои пополнети во 2025 година се 39) , егзистираат 3 сектори и тоа:

- <u>Сектор за правни работи</u>, сочинет од три одделенија:
  - Одделение за извршување одлуки
  - Одделение за нормативни и правни работи
- <u>Сектор за финансиски прашања</u>, сочинет од две одделенија:
  - Одделение за сметководство и плаќања
  - Одделение за буџетска координација и буџетска контрола
- <u>Сектор за оперативно работење</u>, сочинет од три одделенија:
  - Одделение за преземање и евиденција на одземен имот
  - Одделение за општи работи
  - Одделение за продажба и управување со одземен имот

како посебно одделение:

- Одделение за управување со човечки ресурси

## 10.Обезбедување на поголема транспарентност на работа на агенцијата

Со воспоставување на електронски регистар, ке се зголеми транспарентноста на работата на агенцијата , овозможувајки јавноста и институциите да имаат директен пристап до информации за локација и вредноста на имотот кој го управува агенцијата.

## АКЦИСКИ ПЛАН (2026–2030)

| Година | Клучни активности |
|---|---|
| 2026 | Подготовка на проекти, технички спецификации, ревизија на СОП, софтверска архитектура, нормативна основа и функционална анализа |
| 2026 | Почеток на градежни активности, опремување на Агенцијата, пилот-систем за евиденција, први договори за интероперабилност |
| 2027 | Завршување на Центарот за складирање, воспоставување на електронски регистар, прва онлајн аукција, први меѓународни предмети |
| 2028 | Целосна операционализација на сите системи, следење резултати од стратегии, обуки и јавна отчетност |
| 2029 | Евалуација, анализа на ефектите |
| 2030 | Изработка на нова стратегија 2030–2035год |

**Финансиска проценка**

- Вредност на новиот дигитален систем: 300.000 евра
- Буџет за набавка на техничка опрема: 2.000.000 денари
- Тековен буџет: финансирање од државен буџет и сопствени приходи (7% од продажба)
- Потенцијална поддршка: ЕУ инструменти, IPA III, билатерална помош

**Напомена:** Оваа стартегија се базира на конкретни проценки, законски надлежности и стратегиски насоки на ЕУ. Нејзината реализација бара силно лидерство, институционална координација и политичка волја за градење доверба во институцијата.

**Арх.бр.** 01-3741/1
26.08.2025

**Директор**
**на Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**